## З А П И С Н И К ЗА ИЗВРШЕНО ИСПИТУВАЊЕ НА ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ОД СЕЛО СТАНЦИ ДО ФАБРИКА ЗА ВОДА ВО КРИВА ПАЛАНКА

составен на ден 16.11.2011 год.

Податоци за записникот:

Присутни

1.Христовски Стевче- претставник на Општина Крива Паланка

2.Јовановски Добри-претставник на Ј.П.Комуналец Крива Паланка

3.Станоја Јанкуловски-претставник на Ј.П.Комуналец Крива Паланка

4.Павловски Митко-претставник на Институт за заварување „Југ,-Скопје

5.Нојковски Симеон-претставник на Институт за заварување „Југ,-Скопје

Записникот е составен за извршено испитување на доводен цевковод од зафатот за вода во село Станци до фабриката за вода во Крива Паланка во должина од 6 429 метри ,изграден од полиетиленски цевки ND315.
Според главниот проект со тех.број 02-1505/04 со одобрение за градба бр;16-577/2 од 19.07.2004 година.
Испитувањето на цевководот се изврши со полнење со вода во две делници и тоа;
-делница 1 од зафат за вода до прекидна комора со должина од 1 182 метри.
-делница 2 од прекидна комора до фабрика за вода со должина од 5 247 метри.

Испитувањето на првата делница се изврши на 8,9и 10 ноември 2011 година.
На 8 и 9 ноември 2011 год. се изврши полнење на цевководот и на 9 ноември во 15.00 часот овој дел на цевководот се стави под работен притисок од 8 бара.
При повторниот увид на 10 ноември 2011 год. на манометарот, се констатира дека нема отстапување на работниот притисок т.е цевководот на оваа делница е во исправна состојба.

Од 11 до 16 ноември 2011 год. се изврши испитување на втората делница .
На 11,12,13 и 14 ноември се извриши полнење на цевководот и испуштање на воздух на истиот на сите воздушни вентили и испусни вентили кои се наоѓаат на трасата.
На 14 ноември во 16.00 часот цевководот на оваа делница се стави на работен притисок од 5 бара (мерно место фабрика за вода).При повторниот увид на 16 ноември во 12.00 часот немаше отстапувања на манометарот за отчитување на работниот притисок т.е цевководот е во исправна состојба.

16.11.2011
Крива Паланка

Присутни

1 ____________
2 ____________
3 ____________
4 ____________
5 ____________